ГРАНИТ



Одговор и образложение на Предлог нова Одлука за
за исплата на дивиденда за 2023 година предложена од група на акционери

По објавениот Јавен повик за одржување на Собрание на акционери на ГД Гранит АД Скопје, на 23.05.2024 година и предложената одлука од страна на Управниот Одбор за исплата на дивиденда за 2023 година во бруто износ од 116.348.568 денари или 42 денари по акција, до Управниот одбор на Друштвото доставена е нова предлог Одлука за исплата на дивиденда, од група на акционери со која се предлага:

- Исплатата на дивиденда за 2023 година да се изврши од акумулираните нераспределени добивки во бруто износ од 193.914.280 денари или дивиденда по акција во износ од 70 денари бруто.

Образложението на новата предлог одлука е дека компанијата располага со висок износ на вложувања расположливи за продажба во износ од 1.620.140.000 денари и од истите вложувања ќе обезбеди реални приливи по основ на дивиденди од преку 103.000.000 денари во текот на оваа година. Дополнително согласно ревидираните финансиски извештаи за 2023 година има вложувања според објективна вредност кои се евиденитрани како вложувања во Отворени инвестициски фондови – од кои најголем дел се инвестирани во парични фондови со низок ризик и висока ликвидност во вкупен износ од 102.563.000 денари.

Согласно ревидираните финансиски извештаи на Друштвото на ден 31.12.2023 година, Управниот одбор дава осврт на финансиската состојба и работењето како што следи:

- Друштвото располага со вложувања расположливи за продажба во котирани друштва во износ од 1.620.140.000 денари, и од истите ќе наплати дивиденда во износ од 103.000.000 денари. При донесување на Предлог Одлуката за исплата на дивиденда од страна на Управниот Одбор на Друштвото во вкупен износ од 116.348.568 денари, приливот на дивиденда од вложувањата во котирани друштва е земен во предвид и вклучен во предложениот износ.
- Друштвото располага со удели во Отворен инвестициски фонд – КБ Паричен Фонд на 31,12,2023 во износ од 95.572.000 денари, кои претставуваат само 1,1% од вкупните средства што не преставува висок износ, туку истите се парични

средства кои ги подмируваат тековните обврски на Друштвото (неисплатени плати за месец 12.2023 во износ од 59.324.000 денари, неплатен ДДВ за 12.2023 во износ од 10.030.000 денари, исплата на рати по земени кредити од банки за 01,2024 година во износ од 10,000,000 денари и плаќање на тековни набавки за проектите). Овие средства се веќе потрошени за исплата на обврските од тековното работење.

- Друштвото располага со акумулирана добивка во износ од 2.314.733.000 денари која е создадена од работењето во сите изминати претходни години, при што ако се направи подлабока анализа на билансот на состојба ќе може да се согледа дека акумулираната добивка како вишок на средства создадени во долгогодишното работење е вложена во: (а) вишокот на тековни средства над тековни обврски во износ од 1.906.328.000 денари од кој најголем дел се ненаплатените побарувања од инвеститорите, вложувањата во залихите и тоа становите за пазар, земјиштето на Олимписко село наменето за градба и тековните залихи (б) вложувањата во акции на КБ по набавна вредност во износ 427,233.139 денари, (в) дадени долгорочни заеми во Малитехидроелектрани во износ од 201.709.000 денари како и во недвижниот имот и опремата во која Друштвото изминатите години секоја година има вложувања во просек по 200 милиони денари. Накратко ова значи дека акумулираните добивки на Друштвото не се расположливи во високо ликвидни средства, туку во вложувања кои треба да дадат стабилен принос во наредните години.
- Побарувањата од купувачи во износ од 2.392.412.000 денари ги надминуваат обврските кон добавувачи во износ од 1.486.946.0000 денари, но треба да се има во предвид дека побарувањата од купувачи вклучуваат побарувања за задржани депозити од инвеститорите во износ од 782.504.000 денари кои ќе бидат предмет на наплата по завршување на градежните проекти и истек на гарантен период што може да биде во период подолг од 2 години. Исто така, треба да се има во предвид дека побарувањата вклучуваат и нефактурирани/неситуирани, а извршени градежни работи во износ од 390.100.000 денари кои допрва треба да се одобруваат од инвеститорите и надзорите на проектите во наредната 2024 година, при што за таквите проекти Друштвото врши тековно плаќање на добавувачите (за нафта, цемент, железо и др.) и на подизведувачите за работна рака и тековни трошоци.
- Исто така, напоменуваме дека финансиската состојба на Друштвото како и можностите за исплата на дивиденда зависи од поголем број на фактори, а не само од приливите од вложувањата и паричните средства на сметки, туку и од


granit@granit.com.mk | Тел: +389 2 3218 700 | Факс:+389 2 3217 976
Димитрие Чуповски 8, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
ЕМБС: 4054261

целокупното оперативно работење на Друштвото кое опфаќа состојба и завршеност со проектите на кои се работи, наплата на побарувањата од инвеститорите, висината на обврските спрема добавувачите, кредитната задолженост и сл.

- Предложената одлука од страна на Управниот Одбор за исплата на дивиденда за 2023 година во бруто износ од 116.348.568 денари претставува 76% од остварена добивка за 2023 година што е на исклучително високо ниво, додека новата предлог Одлука од група акционери е во бруто износ од 193.914.280 денари или 127% од остварената добивка за 2023 година, што е невообичаено за исплата на редовна дивиденда и особено ризична за ликвидно работење на Друштвото имајќи ги во вид горенаведените околности.
- УО на Друштвото при носење на Предлог Одлуката за исплата на дивиденда за 2023 година ги имаше во предвид сите аспекти на оперативното и финансиско работење на Друштвото во изминатата 2023 година, како и тековното работење во 2024 година и фактот дека најголемиот број на градежни и инфраструктурни проекти на кои работи Друштото се во завршна фаза или привршуваат со изведба (Автопат Блаце, Паланка Деве Баир, Паланка – Длабочица), додека тендерите за нови инфраструктурини проекти се сеуште во тек и се неизвесни. Исто така, проектот автопат Кичево – Охрид на кој работи Друштвото како подизведувач сеуште е во постапка на потпишување на Анекс договор за продолжување на рокот на изведба, поради кој ситуирањето и наплатата на средствата се со невообичаено задоцнување.

Оттука, имајќи ги во предвид сите овие факти погоре Управниот одбор останува на својата предложена одлука за исплата на дивиденда како одлука која е рационална во однос на финансиските остварувања и која ќе обезбеди ефективна работа на Друштвото, при тоа не доведувајќи ја во прашање ликвидноста во работењето и/или било какви потешкотии во остварувањето на идните проекти имајќи ја во предвид неизвесноста на најавените инвестиции кои се основен доход на Друштвото. Управниот одбор имајќи ги во предвид сите овие поединечни факти и сите тие заедно им предлага на акционерите со цел задржување на вредноста на нивната акција која во голема мера зависи од резултатите од работењето на Друштвото да ја поддржат предлог одлуката на Управниот одбор со цел продолжување на истите резултати и во иднина. Управниот одбор транспарентно и разумно раководи со средствата на Друштвото за крајниот резултат да биде добивка пред се на акционерите и на Друштвото не само во тековната, туку и во наредните години. Предложената одлука од акционерите е особено ризична заради значителното издвојување на средства кои


granit@granit.com.mk | Тел: +389 2 3218 700 | Факс:+389 2 3217 976
Димитрие Чуповски 8, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
ЕМБС: 4054261

особено во степен на делување на висока инфлација и закрепнување од светска економска криза, ликвидни средства се круцијални во натамошното функционирање на Друштвото и остварување на позитивни резултати во иднина.

Управниот одбор ова образложение го дава во насока на остварување на долгорочниот план за развој и раст на Друштвото и обезбедување на подобри резултати во иднина. Управниот одбор согласно законската регулатива и ревидираните извештаи стои зад својата одлука за распределба на дивиденда како законска, оправдана и во корист на сите акционери и Друштвото за идните делувања на истото.

Управен одбор

Скопје, 30 април 2024 година

УПРАВЕН ОДБОР НА ГД ГРАНИТ АД СКОПЈЕ

granit@granit.com.mk | Тел: +389 2 3218 700 | Факс:+389 2 3217 976

Димитрие Чуповски 8, 1000 Скопје, Република Северна Македонија

ЕМБС: 4054261